Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден ___________ година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотоволтаична електрана на КП 44/4 и 47/5 К.О. Арматуш Општина Новаци, што го донесува Министерството за транспорт, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларот за определување на потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина се објавува на интернет страната на министерството за транспорт: www.mtc.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за изградба на фотоволтаична електрана на КП 44/4 и 47/5 К.О. Арматуш Општина Новаци, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: 1) фотонапонските електрани, односно електроцентралите од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели) не претставуваат значителни извори на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето, 2) добиената енергија од обновливи извори има големи позитивни влијанија врз зачувување на квалитетот на животната средина и обезбедување на одржлив развој, 3) донесувањето на планскиот документ ќе допринесе за значајно намалување на стакленичките гасови од активности на добивање на електрична енергија и ублажување на климатските промени, 4) намалување на зависноста од увоз на електрично ниво на национално ниво, 5) отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата итн.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

МИНИСТЕР

АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Бр. 07-3124/4

Датум: 13.05.2025